РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-9489/2
03.04. г./v. 2025

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-тата седница одржана на 28.03.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-9489/1 од 13.12.2022 година, со наводи за неправилности при назначување на в.д. директор на СОУ /// – /// и наводи за незаконитости сторени од страна на назначениот в.д. директор при извршувањето на функцијата, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмети со иста фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлуки од своја надлежност.

Предметот со број 12-9489/1 од 13.12.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.12.2022 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности при назначување на в.д. директор на СОУ /// – /// и наводи за незаконитости сторени од страна на назначениот в.д. директор при извршувањето на функцијата, и оформен е предмет број 12-9489/1 од 13.12.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека службеното лице /// во јуни 2022 година била назначена за в.д. директор на СОУ /// – /// и покрај тоа што не ги исполнувала законски пропишаните услови и наводно приложила невалидни

документи како доказ за нивно исполнување, откако претходно, во мај 2022 година, за в.д. директор било назначено друго лице.
Воедно, во пријавата се изнесени и наводи за финансиски и други злоупотреби сторени од страна на в.д. директорот при вршењето на должноста, како и наводи за незаконски спроведена постапка за вработување на наставник.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека околностите кои се опишани во пријавата биле предмет на нејзино постапување во рамки на предмети оформени во Секторот за спречување на корупцијата.
Имено, околностите кои се опишани во пријавата ДКСК ги има земено предвид при постапувањето во рамки на предметот број 12-401/1 од 20.01.2023 година, по кој е донесена Одлуката бр.12-401/6 од 21.11.2023 година, при постапувањето во рамки на предметот број 12-342/1 од 17.01.2023 година, по кој е донесена Одлуката бр.12-342/2 од 24.07.2023 година и при постапувањето по предметот број 12-1086/1 од 14.02.2022 година , по кој е донесена Одлуката бр.12-1086/3 од 02.03.2023 година. Согласно со член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сите одлуки се објавени на интернет страницата на ДКСК.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмети со иста фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлуки од своја надлежност, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК